# ANTIQUES AND TRADITIONAL AREAS OF COLLECTING IN EUROPE, IN SPACE AND TIME: HISTORICAL STYLES AND PERIODS

**Angelina Janevska**
pieta@unet.com.mk

**Abstract:** The question of defining antiques and traditional areas of collectingin Europe, understood broadly as historical, cultural, religious, ethnological, socio-economic, social and cultural categories, is very complex.The definition of antiques as an integral part of the material culture encompasses multiple views, analyzes the historical periods, categories, social processes and the interaction between collectors and the market valuation of objects that are collected as a collection. The aim of this paper is through a certain analysis of specific antiques objects, time-historically placed, with specific and non-specific categories to define and track the discovery, buying and valuation of a certain antiques. According to that, as basis for defining antiques and the traditional areas of collecting in Europe served us: the term and the definition, the antiques in the traditional and contemporary context, their classification as movable cultural heritage, historical styles and periods, collector areas, media and marketing aspects and auction houses as the most relevant place for defining and valuating. All these elements are observed and presented in the context of historical, ethnological and cultural interactions in the period from the Renaissance to contemporary art with methodology relevant for ethnology, history of art and economy, as well as scientific disciplines. In a contemporary context, with the emerge of the Internet as a media category, all social categories are allowed to search, sell and buy antique items already categorized on world-known online search browsers. Even though it doesn't play a big role, respecting antiques is a special personal way to treasure the past with the appearance of the item itself and the information it contains. All antiques, from any period, have the same time effect and their existence, "suvival", contain a vision from another world and time period. It should be obvious that the everyday items which surround us are actually items of passion, which are of personal possesion. The items in our lives, eve though they have a basic function and useful value, represent something much more, the individual's connection with the item; the item represents a meterial body, but at the same time it's a psychological area over whch we have power, and it is separate from the material culture of every ethnicity. The pleasure which we feel when we are aearching for new antiquities is different and serves as a basis for understanding the past. The collectors use certain criteria and aspects in evaluating of the antiques which they have collected today and in the past.
**Keywords**: antiques, material culture, auction, collectibles categories, auction houses.

# АНТИКВИТЕТИ И ТРАДИЦИОНАЛНИ ОБЛАСТИ НА КОЛЕКЦИОНЕРСТВО ВО ЕВРОПА, ВО ПРОСТОР И ВРЕМЕ
# ИСТОРИСКИ СТИЛОВИ И ПЕРИОДИ

**д-р Ангелина Јаневска**
генерален директор на Мадона 95 Дооел Скопје, Уметничка галерија и антикварница Безистен, Република Македонија
pieta@unet.com.mk

**Апстракт:** Прашањето за дефинирање на антиквитетите и традиционалните области на колекционерство во Европа, сфатени пошироко како историски, културни, религиски, етнолошки, општестено-економски, социјални и културни категории, е многу сложено и комплексно. Дефинирањето на антиквитетите како составен дел од материјалната култура опфаќа повеќе гледишта, ги анализира историските периоди, категории, општествените процеси и заемното влијание помеѓу колекционерите и пазарното вреднување на предметите кои се собираат како колекција. Целта на овој труд е преку определена анализа на конкретни антиквитетни предмети, временско-историски сместени, со специфични и неспецифични категории да се дефинира и следи пронаоѓањето, купувањето и вреднувањето на одреден антиквитет. Во таа смисла, како основа за дефинирање на антиквитетите и традционалните области на колекционерство во Европа ни послужија: поимот и дефиницијата, антиквитетите во традиционален и современ контекст, нивното калсифицирање како движно културно наследство, историските стилови и периоди, колекционерските области, медиумските и маркетиншките аспекти и аукционерските куки како најрелевантно место за дефинирање и нивно вреднување. Сите овие елементи се согледани и презиентирани во контекст на историските, етнолошките и културните меѓусебни влијанија во временски период од ренесансата до

современа уметност со методологија релевантна за етнологијата, историјата на уметност и економијата, и како научни дисциплини. Во современ контекст, со појава на Интернетот како медиумска категорија на сите општестени категории им се овозможува да пребаруваат, продаваат и купуваат антиквитетни предмети веќе категоризирани на светски познатите он-лајн пребарувачи.

**Клучни зборови:** антиквитети, материјална култура, аукција, колекционерски категории, аукциски куќи.

## ИСТОРИСКИ СТИЛОВИ И ПЕРИОДИ

За подобро да се разберат стиловите потребно е да се проучи историскиот период за нивно појавување, најзначајните мотиви кои што ги карактеризираат и поврзаноста на периодот со одредена личност.
Стиловите треба да се согледаат низ историските периоди, земји, региони, идеи, значајни личности од тоа време во уметноста и науката и др. Воедно, согледувањето оди заедно со економските, социјалните и политичките збиднувања кои се случиле во времето на владеење на некоја династија или кралство.

## СТИЛОВИТЕ КАКО ДЕЛ ОД МАТЕРИЈАЛНАТА КУЛТУРА

### РЕНЕСАНСЕН СТИЛ

Ренесансниот стил бил инспириран од уметноста и архитектурата на антички Рим, а самиот збор ренесанса (рениесцанце) значи повторно раѓање. Ренесансата е културно движење кое започнало во доцниот среден век во Фиренца и се раширило низ останатите делови од Европа. Таа е најпозната епизода во историјата на уметноста и нејзиното средиште била Италија во 15 и 16 век, иако Италијаните најмногу научиле од странските уметници или евентуално го "извезувале" стилот и техниките за да ги креираат истите во северноевропските земји. Уметноста од овој период е евидентна во сликарството, културата и декоративните уметности, а во исто време и во филозофијата, литературата, политиката и науката. Како најголем патрон се јавува црквата и фамилијата Медичи (Медици). Хуманистите на чело со Лоренцо Вала (Лоренцо Валла) и Еразмо (Ерасмус) го ставаат на пиедестал грчкиот Нов завет при што поголемиот дел од уметноста во овој период е поврзана со него.

Новиот стил на декорација пристигнал во Англија во 16 век од Италија со многумина странски уметници кои работеле во Лондон и влијаеле на англискиот дизајн (Германци, Холанѓани, Италијанци и др.) Актот во средниот век бил објект на срам, но во ренесансата станал најекспресивната форма во уметноста, на пример во делата на Микеланџело. Околу 1400 година уметниците започнале да ја сликаат перспективата која помогнала да се креира тродимензионалната претстава на рамна површина со употребата на светло и сенка при прикажување на студии од анатомијата. Познати имиња од ликовната уметност во тоа време се: Микеланџело (Мицхелангело), Рафаел (Рапхаел), Ботичели (Боттицелли), Донатело (Донателло), Тицијан (Титиан), Јан ван Ајк (Јан ван Eѕцк), Бројгел (Бруегхел), Албрехт Дирер (Албрецхт Дурер), во архитектурата Филипо Брунолески (Филиппо Брунеллесцхи), Браманте (Браманте), Сангало (Сангалло), во науката: Коперник (Цоперницус), Галилео (Галилео), Рене Декарт (Рене Десцарте) и др. Се вовеле нови непознати научни и уметнички техники до тогаш, како на пример: миењето на бронзата, сликањето на фрески, панел сликањето, замена на медиумот со маслени бои (под влијание на Фламанците) и сликањето на платно. Во овој период се развиле три града: Фиренца, Рим и Венеција како независни, богати, религиозни, авторитативни центри. Гротеската е стил на декорирање преземен од античкото романско ѕидно сликање откриено во Италија во доцниот 15 век. Честа карактеристична ренесансна декорација поврзана со Маварите од Северна Афрка и Шпанија се вплетканите стебла на растенијата со листови.
Периодот на Елизабета И и почетокот на ренесансата во Англија е поврзано со делата на Вилијам Шекспир. При крајот на владеењето на Тудор династијата (Тудор династ) филозофот Францис Бејкон ги поставува темелите за развојот на природата како продолжение на Аристотеловото учење.

Најзначаен и најбогат монарх во Европа бил Хенри ВИИИ кој станал крал на Англија во 1509 год. Дворецот во Хемптон (Хамптон) е една од омилените градби на Хенри ВИИИ и тој потрошил многу средства при неговата изградба.

### СТИЛ НА ЈАКОБИНЦИТЕ

Периодот на владеењето на Џејмс И (Јамес И) од Англија 1603-1625 (Јамес ВИ наречен во Шкотска) е познат како јакобински. Овој стил е најраната фаза од англиската ренесансна архитектура и декорација. Очигледен бил на столбовите, пиластрите, кружните арки и аркади, парапетот при изработка на покривот како и присуството на рустикалните орнаменти и ромбоидните форми. Во тоа време најголемо влијание извршиле предметите со азиски дизајн и екстравагантните материјали, додека дворската архитектура одела во нов посмирен класичен стил. Дрвото било длабоко резбано, а среброто било строго моделирано, особено

биле истакнати ногарките на масите и столовите кои имале крушковидна форма. Дизајнерите го имитирале азискиот лацљуер (лакирано дрво со различни видови на фурнир), боејќи го дрвото црно. Јакобинскиот стил се препознава по јаките бои, особено евидентни во текстилот и облеката, а мебелот бил обложуван со зелената, розевата, и златната боја. Морските мотиви се важна карактеристика при препознавањето на јакобинскиот стил, како што се формите на сирени и школки декорирани со бранови, морски коњчиња итн.

Хералдискиот амблем, т.е. кралскиот и фамилијарниот, бил важен симбол на верноста и статусот во јакобинскиот стил кој честопати бил вметнат во дизајнот. Стилот бил наречен според “куќата" која го владеела престолот. Зборот Јакобин потекнува од хебрејското име Јакоб со форма на англиското име Џејмс. Јакобинскиот период завршува со економската криза 1620-1626 год. која се искомплицирала со епидемијата на големите сипаници во Лондон.

**СТИЛ НА ОБНОВА (РЕСТОРАТИОН СТЅЛЕ)**

Чарлс ИИ (Царлес ИИ 1660) и неговите следбеници минале 12 години во француски егзил каде го апсорбирале новиот развој на континенталниот стил. Во 1660 тој го обновува замокот Виндзор (Њиндзор цастле) и ја вреднува уметноста како начин за афирмирање на обновената моќ на Стујард династијата (Стуард династ). Најкарактеристични линии на овој стил на обнова се искривените форми, резбата и симетријата. Високата релјефна декорација го создавала чувството на симетрија во севкупниот дизајн. Препознавањето на предметите од овој период е заради богатата орнаметираност која се постигнувала со златото и среброто, особено видливо врз дрвените панели. Во средината на 17 век новата техника на производство на спирални форми била особено видлива кај дрвото употребено за мебел и архитектурата. Вегетативните мотиви, како што се овошјето, цвеќињата и ливчињата долго биле употребувани за декорација на предметите. Притоа се зголемил интересот за ботаниката и креација за вметнување на флорални мотиви, меѓу кој најпопуларен бил акантусовиот лист употребуван за врамување на декорација како архитектурална орнаментална форма.

**СТИЛ НА БАРОКОТ**

Разиграниот стил на барокот потекнува од Италија извршувајќи големо влијание врз цела Европа. Англиските дизајнери новите идеи ги црпеле од печатените книги за орнаментика. Најзначајни сликари од тој период се: Пол Рубенс (Паул Рубенс), Караваџо (Цараваго), Вермер (Вермер) и скулпторот Бернини (Бернини). Во барокниот стил најчести претстави се скулптурите со динамично движење, претставата на фигуративните фонтани, а во архитектурата има развој на нови форми и имплементирање на големи цветни градини.

Познат е поимот “ барокна музика” кој потекнува од овој период заради новата хармонијата и бојата на оркестарот. Овој стил на музика го компонирале Бах, Хендел и Вивалди .

Ентериерите биле луксузно обложени со многу кадифе и свила, а текстилот на мебелот го следел истиот дизајн. Позлатеното дрво со препознатливата ентарзија (марљуетрѕ) е главна карактеристика на барокниот стил. Препознатливи елементи во овој период се венците од цвеќиња и лисја кои се употребувале при декорирање. Најевидентна зграда со луксузен ентериер, со набори и драперии и светкави елементи е дворецот Версај на Луј ЏИВ. Сино - белиот порцела , сребрените чајници и урните се каракетирични за барокот, позлатените рамови и огледала и подовите биле од дабово дрво кои понекогаш биле декорирани со бордура. Мебелот бил со големи димензии честопати насликан, позлатен и во него се вметнувале материјали како што се: среброто, слоновата коска и абоносовото дрво. Како статусен симбол се вментувала и декорацијата на монограмите, иницијалите и хераладичките грбови. Во барокните ентериери биле употребувани многу луксузни текстили, особено оној со ламе.

**СТИЛОТ НА РОКОКО**

Рококо се нарекува стилот на кој името му е дадено според францускиот збор (роцаилле) што значи карпа или скршена школка. Тој е стил во уметноста и декорацијата кој потекнува од Франција од почеток на 18 век, претпознатлив со пренатрупаност на орнаменти бил во мода од 1730 до 1770 година. Карактеристика за препознавање на овој стил се природните мотиви. Тој се согледува особено кај занаетчиите и дизајнерите и големо значење одиграла рачната изработка на предметите. Палатата на Версај, прекрасните градини со познатата т.н. сала со огледала, фасадата, операта, како симбол на апсолутното владеење на монархијата се од времето на Луј ЏВ со главните карактеристики на рококо стилот. Многу чести се искривените форми и несиметричниот дизајн. Искривените форми во форма на буквите C и S се главна карактеристика при препознавањето на рококо. Рококото бил еден од главните клучни стилови на француската култура и

извршил големо влијание во периодот меѓу 1680-1880 година. Препознатлива карактеристика му се јаките бои со големо чувство за луксуз и е тесно поврзан со позлатувањето.
Значаен замок од овој период е Замокот со големи скали (Гранд стаирцасе ат Поњдерхам Цастле) во Англија. Во него се зачувани оригиналните примери од пластичната (штукатура) работа во рококо стилот декорирана со сино-зелена боја и искривени растителни и животински форми. Поврзан е со владеењето на Луј ЦВ и почетокот на владеењето на Луј ЦВИ.

**СТИЛОТ НА ПАЛАДИАН (ПАЛЛАДИАНИСАМ CTSЈЛЕ)**

Стилот паладиан изворот го нашол во дизајнот на италјанскиот архитект Андреа Паладио (Андреа Палладио, 1508 - 1580). Неговата работа се карактеризира со симетрија, перспектива, пропорција и баланс, а пример за тоа биле храмовите во антична Грција и Рим. Тој го креирал класичниот британски стил кој бил во мода од 1700 до 1760 година. Неговите екстериери биле едноставни, а како контраст ентериерите биле многу богато декорирани. Негова карактеристика биле столбовите со капители во коринтски стил. Оклопот на школките бил типичен мотив од антички Рим кој меѓу другото е и симбол на божицата Венера. Архитравот, триумфалните капии и аркадите биле главна инспирација во неговиот стил, кои се инкорпорирале со другите архитектонски елементи евидентни во вилите во Венеција. Терминот "паладиан" денес се употребува за опис на згради и дизајн со класични елементи делува бизарно, апсурдно, грдо и смешно.

**ЧИНОИСЕРИ СТИЛ (ЦХИНОИСЕРИЕ CTSЈЛЕ )**

Чиноисери е стил наречен според францускиот збор за Кина и е инспириран од уметноста и дизајнот на Јапонија и другите азиски земји. Овој стил (периодот од 1750 до 1765 година) бил карактеристичен по порцеланот, свилата и лакер (лацљуерњаре) сјајните слики создадени од различни бои на фурнир кои биле внесувани од Кина и Јапонија. Најчест мотив во чиноисери стилот бил змејот.

**СТИЛОТ НА НЕОКЛАСИЦИЗМОТ**

Стилот на неокласицизмот се појавил во Британија и Франција во 1750-те. Камео медалјоните (цамео) и урните се карактеристични и препознатливи елементи на овој стил. Во сликарството пример за него се Жак Луј Давид (Јацљуес Лоуис Давид) и Жан Август Доминик Енгар (Јеан Аугуст Доминицууе Ингрес). Во скулптурата најрепрезентативен е Антонио Канова (Антонио Цано) Корените се во дизајнот од класична Грција и Рим, особено инспирирани од археолошките градови Помпеја и Херакулум. Вазните како ултимативен симбол на антички свет биле најбарана форма во втората половина на 18 век. Тука спаѓаат: делфините, лавовите, свингите, криптите и други. Џош Ведгвуд (Јосиах Њедгњоод, 1730-1795) е најпознат произведувач на керамика во стилот на неокласицизмот, чии производи денес многу високо котираат на антиквитетниот пазар.

**СТИЛОТ НА РИЏЕНСИ (РЕГЕНЦЅ)**

Риџенси стилот е комбинација на различни обрасци и бои од античка Грција и Рим, со додадени елементи од природата и египетскиот и францускиот дизајн од 18 век. Бил актуелен во Велика Британија и Франција во средината на 18 век. Најкарактеристичен мотив во архитектурата и текстилниот дизајн е формата на цвеќето антемион (антхемион) кое потсетува на листови од палма. Неговото потекло е од Египет и во античко време неговата асоцијација била поврзана со сонцето. Стилот се карактеризирал со тешки форми, извиткани листови, тешка драперија и цветови. Пандан на британскиот риџенси стил е рококо стилот во Франција од 1740-1770 год. и кореспондира со бидермаерот во Германија, кој се карактеризира со светлообоена керамика и мотиви преземени од природата. Голем бил интересот за античко-египетските мотиви во уметноста и дизајнот, како што се сонцето како соларен симбол и некои зооморфни елементи, на пр. крокодилот и соколот. Овој период името го добил според титулата на принцот од Велс, Жорж ИВ (Георге ИВ), кој станал регенд (ригенд) во 1811 година. Тој бил лидер во модата, најголем патрон и колекционер и помогнал да се етаблира вкусот во тој период.

**КИНЕСКИ И ИНДИСКИ СТИЛ.**

Во раниот 19 век големиот интерес за Истокот извршил големо влијание во британското производство и дизајн, особено врз сината и белата керамика која на запад била копирана. Темите за декорација при креација на британската мануфактурна керамика биле земени од топографските мапи на Индија, кинеските

пејзажи заедно со сцените од храмовите, мостовите, чамците и дрвјата. А змејот, како митско животно, многу често се појавувал врз керамиката од раниот 19 век.

**СТИЛ НА СРЕДНОВЕКОВНОТО БУДЕЊЕ**

Овој стил својата инспирација во архитектурата и декоративната уметност ја наоѓал од периодот на 1000-1600 година. Интересот за готичкиот и јакобинскиот стил предизвикал носталгија за британското минато. Најпрепознатлива карактеристика биле готичките елементи, како што се полукружната арка од ИЦ век и орнаментираните рабови.

**ХЕРАЛДИЧКИ СТИЛ**

Интересот за средновековното рицарство се инкорпорирал во дизајнот од 19 век, особено на палтата од војската каде хералдичките мотиви биле истакнувани. Особено фасцинантни во тој период биле историските костуми.

**ФРАНЦУСКИ СТИЛ**

Овој стил го претставувал луксузот, гламурот и особено бил популарен по Француската револуција во 1789 година. Позлатата, богатиот колорит, светлиот фајанс, С и Ц формите биле прикажувани на многу објекти, а мебелот за седење бил тапациран, со бордури и обработен со крепсатенски гајтан и реси.

**ПРЕРОДБА НА КЛАСИЧЕН И РЕНЕСАНСЕН СТИЛ**

Големиот интерес кон ренесансната уметност предизвикал негова преродба во 1850 година. Фигурите од класичната историја и митологија биле главна тема при дизајнирањето. Ренесансните бронзени скулптури со класичните фигури станале најпосакувани уметнички предмети. Капителите од грчките столбови, дорскиот, јонскиот и коринтскиот биле значајни архитетктонски елементи. Венците од цвеќиња биле главни декоративни елементи, а видот на италијанската ренесансна керамика, позната под името мајолика, била имитирана во британското производство.

**СТИЛОТ НА ЕСТЕТИЦИЗМОТ**

Естетицизмот е идеалистички правец според кој убавото е важен фактор во уметноста. Тој мора да биде ослободен од сите уталитарни, интелектуални, морални и сл. obsири и да биде цел сам за себе. Бил во мода помеѓу 1870-1900 година. Пердувот на фазанот во овој период станал икона, прикажувајќи ја декаденцијата. Сончогледот бил најпопуларен мотив, како и јаките и едноставните бои: сина, зелена и жолта.

**ВЛИЈАНИЕ НА ИНДИСКИОТ, КИНЕСКИОТ, ИСЛАМСКИОТ И ЈАПОНСКИОТ СТИЛ**

Во втората половина на 19 век, по големата изложба во Лондон како најголема колонија на британската империја, Индија заземала особено високо место во уметноста. Флоралните мотиви биле доминантна тема врз текстилните тапети и текстилот со тантелни завршетоци. Тука спаѓаат керамиката, сцени од кинеските акварели, глазурите употребувани на кинеската керамика и порцелан и егзотичните парчиња мебел, особено параваните од бамбус.

Исламскиот стил со комплексната религија и богата историја на Иран, Турција и Северна Африка бил обожаван и почитуван од колекционерите заради естетската брилијантност. Евидентна била употребата на јаките бои: тиркизна, сина и зелена. Керамиката од Турција била главен инспиратор за дизајнерите од 19 век со цветните шари.

Уметноста на Јапонија извршила големо влијание врз британската култура во втората половина на 19 век. Тоа се согледува при дизајнирањето на британските уметници кои имале влијание од јапонските вегетативни и зооморфни мотиви. Нивните геометриски форми биле едноставни и елегантни како спротиставеност на викторијанскиот дизајн.

**СТИЛ НА ЗАНАЕТЧИСТВО И УМЕТНОСТ (АРТС АНД ЦРАФТС)**

Овој стил се појавил во 1800-те години како реакција на растечката индустријализација на викторијанска Британија. Акцентот бил врз природните материјали, едноставните форми од флората и фауната и мотивите од традиционалните британски рурални области. Сето тоа било главна инспирација за уметничкиот израз на занаетчиството. Централна фигура на овој стил бил Вилијам Морис (Њиллиам Морис,

1834-1896) како највлијателен дизајнер во британската историја на декоративни елемени во домот, како што се фузираното стакло, текстилот и мебелот.

## ЗАКЛУЧОК

Стиловите треба да се согледаат низ историските периоди, земји, региони, идеи, значајни личности од тоа време во уметноста и науката и др. Воедно, согледувањето оди заедно со економските, социјалните и политичките збиднувања кои се случиле во времето на владеење на некоја династија или кралство.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Halligan Brian and Shah Dharmesh, Inbound Marketing, Jonh Willey&Sonc.Inc, New Jercy, USA, 2010
[2] Adam Thierer ahd Grant Eskelsen, Media Metrics: The true state of the modern media market place,Washington, D.C., 2008
[3] Greg Holden, Starting an online business for dummies, Newyork, USA, 200528 Dionne Cordel, Upholstery journal, April 2009
[4] Freedom, Internative Reporting in the public interest, CNN 360 article, June 09,2010